КБ ПРВО ПЕНЗИСКО ДРУШТВО

**ИДНИНАТА, ДЕНЕС!**

www.kbprvo.com.mk



# МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ

## ЗА ФИНАНСИСКИТЕ ДВИЖЕЊА

## Август 2023

Супервизор на капитално финансирано пензиско осигурување е
Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС)
**www.mapas.mk** **02/3224-229**

# ГЛАВНИ ДВИЖЕЊА НА СВЕТСКИТЕ ФИНАНСИСКИ ПАЗАРИ НА КАПИТАЛ

По растот кој беше остварен во текот на јули оваа година, изминатиот месец повторно се врати неизвесноста околу правецот на движење на глобалната економија во периодот кој следи. Поради тоа, светските пазари на капитал го завршија месецот на негативната страна, односно со намалена вредност.

Во однос на пазарните индекси, MSCI ACWI кој е глобален индекс, оствари негативен принос од –2,96 %, задржувајќи го позитивниот принос од 13,34 % од почетокот на годината. Со најмал негативен принос од останатите индекси во продолжение беше S&P 500 што ги опфаќа најголемите американски компании и изнесуваше –1,77 %. Сепак, 17,40 % е индекс со најголем раст од почетокот на годината. Од друга страна, MSCI Emerging Market индексот во кој се вклучени акциите од брзорастечките економии, оствари најголем пад од 6,36 %, а исто така бележи и најмал принос од 2,50 % од почетокот на 2023 година.




**MSCI Asia – Pacific** – индекс кој ги следи движењата на акциите во 13 земји од регионот Азија – Пацифик
**MSCI Emerging Market** – индекс кој ги следи движењата на акциите во 25 земји во развој
**STOXX 600** – европски индекс на акции (котираат во 17 европски држави)
**S&P 500** – индекс на акции на 500 американски компании со најголема пазарна капитализација
**MSCI ACWI** – светски индекс на акции кој ги следи цените на акциите во 47 држави
*Извор: Блумберг*

# ДВИЖЕЊЕ НА МБИ 10 ИНДЕКСОТ

Во насока на светските берзи беше движењето на домашниот МБИ 10 индекс, забележувајќи помала вредност за 0,92 % во текот на август, но сè уште со позитивен принос од почетокот на годината за 1,28 %. Најдобар принос за изминатиот месец оствари Макпетрол кој порасна за 1,41 %, додека најслаб принос беше остварен од Стопанска банка АД Скопје, чија цена на акциите се намали за 12,60 %. Од почетокот на 2023 година, со највисок принос кој изнесува 24,83 % е Уни банка, а со најслаб перформанс е Гранит од –13,73 % за истиот период.




*Извор: Блумберг*



# ДВИЖЕЊА НА ПРИНОСИ НА ОБВРЗНИЦИ

Според изјавите од челните лица на Централната банка на САД (ФЕД) и Европската централна банка (ЕЦБ), се очекува рестриктивната монетарна политика да продолжи и понатаму, сè до намалување на сè уште високата инфлација. Нивните следни состаноци на кои ќе се одлучи за референтните каматни стапки се кон средината на септември.
Во поглед на стапките на принос на државните обврзници, постоеја минимални придвижувања. Притоа, највисок принос од анализираните обврзници има македонската обврзница, кој изнесува 6,13 %, додека најмала стапка на принос има јапонската обврзница, кој изнесува 0,65 %.

**Движење на стапки на принос на десетгодишни државни обврзници**




** Приносот се однесува на еврообврзница со датум на доспевање 03.10.2028 година.*
*Извор: Блумберг*




**ИДНИНАТА, ДЕНЕС!**
www.kbprvo.com.mk

# ДВИЖЕЊА НА ДЕВИЗНИТЕ ПАЗАРИ

Во текот на август, најголем пад во однос на еврото оствари австралискиот долар (AUD) кој изнесуваше 2,10 %. По него следи руската рубља (RUB) чија вредност повторно се намали во споредба со еврото, овојпат за 2,02 % и од почетокот на годината е со најголем пад од 23,02 %. Од друга страна, американскиот долар (USD) ја зголеми вредноста во однос на еврото овој месец за 1,42 %. Најголем пораст споредено со него од почетокот на годината бележат британската фунта (GBP) и швајцарскиот франк (CHF) за 3,48 % и 3,37 %, соодветно.






*Извор: Блумберг*